

# Градење на социјални врски

## Младите во акција: како да се развие општествена солидарност кај младите луѓе

*Авторки:*

*др Александра Шцибич-Копиец, Фондација за Образование, Развој и Иновации, Полска*

*Катерина Златановска Попова, ПОЗИТИВО Скопје, Македонија*

*Александра Марчинковска , Аутпост Академи, Ирска*

**Што е општествена солидарност? Со какви предизвици се соочуваме денес во поглед на оваа тема? Кои се придобивките и кои иницијативи можат да се преземат за истата да се развива кај младите луѓе?**

**Ајде да ги откриеме одговорите на овие прашања.**

Општествената солидарност се дефинира како дејствија што произлегуваат од заеднички интереси, односно добра и цели кои се важни за сите индивидуи - членови на одредена група. Солидарноста значи дека луѓето ја согледуваат својата меѓусебна зависност, што ги прави подготвени да делуваат за доброто на другите, а не само за своите лични придобивки.[1]

Co-funded by the European Union

Fundacja Energia dla Europy

AUTPOST ACADEMY

POSITIVO Think Positive Be Creative

FERI

## Младите во акција: како да се развие општествената солидарност кај младите луѓе

Покрај заедничките делувања и интереси, карактеристиките на општествената солидарност се:

- пренесување на последиците од социјалните ризици од поединците на целото општество, што значи дека заедницата ја презема одговорноста за судбината на сите свои членови,
- етичките вредности кои обврзуваат на поддршка на луѓе кои живеат во полоши социјални услови,
- присуство во секоја група или заедница — без разлика на нејзината големина.

Во рамките на општествената солидарност се преземаат активности кои го опфаќаат соседството, градот, регионот, а на крајот една или повеќе земји, па дури и целиот свет. [2]

## Предизвици на општествената солидарност

Во моментот, општествената солидарност се соочува со многу предизвици, меѓу кои можеме да ги спомenеме демографските промени и ограниченоста на ресурсите.  Во јавноста се отвора и прашањето за сѐ поприсутниот индивидуализам и автоматизацијата, што доведува до тоа луѓето сѐ поретко да се вклучуваат во активности за поддршка на другите. Дополнително, глобализациските процеси и масовните миграции може да доведат до тензии меѓу различни општествени групи, што го отежнува градењето на солидарноста. Културните и економските разлики можат да придонесат за конфликти и исклучување на одредени групи. Сепак, механизмите на инклузија и ексклузија често претставуваат основа за дефинирање на различните видови општествена солидарност. [3]



Во статијата на Лукаш Буджински може да се најде дека во контекст на инклузивноста можеме да разликуваме:

- примарна солидарност, каде што доминираат ексклузивни механизми кон групите кои се разликуваат од доминантната група, како и
- граѓанска солидарност со доминантни инклузивни механизми кон групите кои се разликуваат од доминантната група.

Авторот истакнува дека преференциите кон примарната солидарност се зголемуваат во контекст на перцепирана закана во областа на социјалната и културната безбедност.

**Градење на социјални врски**

## Зошто општествената солидарност е важна за младите?

И покрај тековните и идните предизвици за општествената солидарност, таа останува важен елемент на животот во општеството. Особено значајна е за младите, бидејќи го поддржува развојот како на поединците и така и на цели групи. Преку учество во солидарни иницијативи, младите чувствуваат дека се дел од поголема целина и добиваат чувство на влијание и одговорност[4], и учат како да соработуваат со другите и да ја почитуваат различноста.
Општествената солидарност промовира вредности како што се помош на ранливите категории, одговорност за другите и подготвеност за делување во корист на заедничкото добро. Овие карактеристики се клучни за развојот на следната генерација одговорни граѓани.

Меѓу следните придобивки можеме да ја спомнеме изградбата на меѓугенерациски[5] врски, бидејќи заедничките активности ги ангажираат луѓето од сите возрасти и им овозможуваат да учат едни од други преку своите искуства. Иницијативите за помош на другите луѓе и за заедничкото добро исто така ја зајакнуваат отпорноста на кризи – во тешки моменти, како што се пандемијата, климатските кризи или општествените конфликти, солидарноста овозможува взаемна поддршка. Младите, сведоци на ваквите примери, стекнуваат верба дека соработката помага да се надминат тешкотиите.
Формирањето на идни лидери е уште една предност што произлегува од општествената солидарност. Преку активност во општествени движења или солидарни иницијативи, младите луѓе ги развиваат своите организациски способности, вештините за тимска работа и подготвеноста за преземање иницијативи.

## Како да се ангажираат младите во солидарни активности?

Важно е младите да имаат можност да ги изразат своите мислења и идеи. Организирањето отворени средби со претставници на локалните институции, работилници или дебати им овозможува на младите активно учество во процесите на одлучување. Приспособувањето на формите на општествените активности кон интересите на младите, како што се социјалните медиуми или други дигитални платформи ќе го направи учеството во тие активности поатрактивно и подостапно. Покрај тоа, младите сакаат да имаат чувство дека нивното ангажирање носи конкретни резултати.[6]




При вклучување на младите во активности за општествена солидарност, треба да се внимава да им се обезбедат соодветни алатки. Овозможувањето стекнување нови вештини преку обуки и работилници ја зголемува нивната самодоверба и способност за делување во јавната сфера. Исто така, вреди да се поставаат прецизни резултати.

## Младите во акција: како да се развие општествената солидарност кај младите луѓе

Младите често се вклучуваат во активности кои имаат јасно дефинирана цел и се во согласност со нивните вредности, како што се заштитата на животната средина или промоцијата на еднаквоста. Овие проекти треба да бидат приспособени на локалните потреби и да носат конкретни резултати. [7]

## Добри практики - учење на емпатија преку дејствување

Развивањето на емпатијата е клучен елемент во ангажирањето на младите во иницијативи за општествена солидарност. Преку активно учество во разновидни активности, младите имаат можност да ги разберат перспективите на другите и да воспостават подлабоки општествени врски. Ајде да разгледаме неколку реални примери за вклученост на младите.

### „Златна треска“ - ученици за ученици

Локалната канцеларија на Црвениот крст во Лублин ја води иницијативата „Златна треска“, во која волонтери – обично ученици – собираат монети од 1, 2 и 5 центи. Собраните средства за време на акцијата се користат за субвенционирање летни кампови за најсиромашните деца.[8]

### ДЕ(јствуваме)НИЕ!

„ДЕ(јствуваме)НИЕ!“ е образовно-општествен проект спроведен од УНИЦЕФ и Фондацијата на Сантандер Банка Полска, во кој стотици училишта од цела Полска се ангажираат во создавање општествени иницијативи. Учениците, под водство на наставниците, развиваат концепти за проекти насочени кон локалните заедници и имаат можност да аплицираат за грантови за нивна реализација. Во три изданија доделени се 56 грантови, што им овозможи на младите да ги остварат своите идеи.

### „Гл_(л)адовка – споделуваме појадок“

Учениците од Основното училиште бр. 162 во Лоѓ создадоа проект со цел поддршка на социјално загрозените ученици преку создавање катче за споделување на втор оброк. Проектот вклучуваше купување фрижидер и едукација за проблемот со гладта и непотребното фрлање храна, промовирајќи став на взаемна грижа за себе и за животната средина. Благодарение на оваа иницијатива, учениците можеа да споделуваат оброци и да ги поддржат своите социјално загрозени врсници. [9]

## Сиви ѕидови

Проектот „Сиви ѕидови“, реализиран од шест средношколки од Првата гимназија во Торуњ, доби признание во рамките на олимпијадата „Ослободени од теорија“. Целта на иницијативата беше трансформирање на сивите, неестетски ѕидови и графити во инспиративни и позитивни урбани простори. Учениците ги пребојуваа непријатните натписи, заменувајќи ги со мотивациски цитати и шарени слики, со цел да ја подобрат естетиката на градот и да изнудат насмевка кај жителите. Проектот „Сиви ѕидови“ доби признание на Гала-вечерта за Општествени проекти, каде беа истакнати најдобрите општествени иницијативи.

## Ослободени од теорија

Кога веќе ја споменавме практичната олимпијада, вреди да се напише неколку реда и за неа. Особено затоа што секоја година, повеќе од една деценија, ги ангажира младите луѓе во активности за поддршка на другите. Организирана од Фондацијата „Ослободени од теорија“, олимпијадата им дава можност на младите да ги применат своите теоретски знаење на практичен начин и да ги развиваат вештините потребни на пазарот на трудот, како што се лидерски вештини, тимска работа, комуникација и решавање проблеми. Во учебната година 2024/2025 ќе се одржи веќе 11-тото издание на олимпијадата, која е под покровителство на Министерството за образование. Во претходните изданија учествувале повеќе од 16 илјади ученици. Учесниците имаат можност да добијат меѓународни сертификати, кои можат да им бидат корисни при апликација за студии или во идната кариера.

## Меѓугенерациско волонтирање

Меѓугенерациското волонтирање има за цел да гради мостови помеѓу младите луѓе и постарите лица, создавајќи простор за меѓусебна поддршка и размена на искуства. Овој вид програми не само што им помага на постарите во секојдневните обврски, туку и им овозможува на младите да развиваат емпатија, одговорност и меѓучовечки вештини. Соработката помеѓу генерациите придонесува за надминување на стереотипите и зајакнување на општествените врски, што е особено важно во контекст на стареењето на општеството. Примерите за конкретни акции на меѓугенерациското волонтирање покажуваат како младите можат активно да се ангажираат во животот на постарите и да ги поддржат во различни аспекти на нивното функционирање.



## Графички дизајн и анимации во меѓугенерациски дуо тимови

Општинскиот совет на сениори во Стари Бабице, во соработка со локалниот Дом на културата, во јуни 2023 година организираше работилници за графички дизајн, во кои учествуваа сениори и млади на возраст од 12 до 19 години. Учесниците, во меѓугенерациски парови, користејќи бесплатни програми како Canva и StopMotion, создаваа дизајни и стоп-анимации. Создадените дела потоа беа изложени на изложба организирана во Домот на културата во Стари Бабице.[10]

## Апетит за акција во Краков

Во 2017 година, сениорите од Краков заедно со младите имаа можност да учествуваат во активности организирани во Средното училиште за прехранбена индустрија во Краков. Учесниците на настанот „Апетит за акција“ заедно готвеа и учеа т.н. карвинг, односно уметност на резбање овошје и зеленчук, која потекнува од Далечниот Исток. Настанот заврши со света миса и свечена предбожиќна вечера. Проектот беше реализиран во рамките на конкурсот „Да делуваме заедно“.[11]

## Меѓугенерациски турнир во бриџ во Бјалисток

Фондацијата Центар за Иницијативи за Општеството во Бјалисток во 2021 година организираше меѓугенерациски турнир во бриџ, во кој учествуваа сениори и млади. Настанот беше дел од поширокиот проект „За здрава и подобра иднина“ и беше кофинансиран од програмата на Министерството за семејство и социјална политика Активни+ за периодот 2021-2025.[12]

## Раздвижи го Лоѓ во ритамот на хип-хоп!

Членовите на групата „Yoł Yoł Сениори“, со поддршка на Регионалниот Центар за Волонтерство „Centerko“, одржуваа часови за танц во училишта, домови на култура и заеднички простории во Лоѓ. Сениорите ги учеа децата на хип-хоп танц, со што ги освоија срцата на младите. Како завршница на проектот беше организирана меѓугенерациска забава, каде што сениорите и младите заедно се забавуваа во ритамот на хип-хоп музиката.[13]

## Денови на солидарноста

Еден од начините за спречување на социјалната изолација, а истовремено за подигнување на свеста на општеството за проблемите на социјално исклучените лица, се т.н. Денови на солидарноста. Овие настани имаат за цел да ја зголемат свеста за социјалната изолација и да промовираат солидарни активности во различни контексти. Во рамките на овие настани се организираат работилници, дебати и други активности, насочени кон интеграција и поддршка на лицата кои се соочуваат со маргинализација. Ајде да разгледаме неколку примери од ваквите иницијативи од различни европски земји, кои имаат заедничка цел – спречување на социјалната изолација.

## Денови на солидарност со лицата кои се соочуваат со психички кризи

Сопотското здружение „На патот на изразувањето“ секоја година ги организира Деновите на солидарност со лицата кои се соочуваат со психички кризи, под мотото „Промени ја својата глава“.[14] Дел од настанот се настаните како Марш за ментално здравје, Фестивалот на толеранцијата, како и информативни средби, изложби на уметници аутсајдери, дебати и работилници. Учесниците имаат можност да се запознаат со информации за добри практики во областа на ефективните форми на помош. Иницијативата е фокусирана и на започнување процеси за вклучување на лицата со психички заболувања и нивните семејства во општествени и професионални улоги, како и на промоција на заедничкиот модел на поддршка за лицата со психички заболувања.

## Бесплатна продавница во Летонија

Летонските волонтери организираа место во Рига каде еднаш неделно можат да се донесат непотребна облека, книги и предмети за домаќинство, како и да се најде нешто корисно за себе. Иницијативата наречена „Brīvbode“[15] (летонски „бесплатна продавница“) има за цел зајакнување на општествените врски и промовирање на одржлив начин на живот за да се избегне непотребното трошење ресурси. Проектот се реализира во рамките на Европскиот корпус за солидарност.[16]

## The Room – општествен театар во Ирска

Една од иницијативите организирани од членовите на Европскиот корпус за солидарност е ирскиот општествен театар. Волонтери од Ирска создадоа театар во кој настапуваат лица што бараат азил во Њубриџ, во округот Килдер. Претставите се организираат еднаш неделно и имаат за цел да ја подигнат свеста на локалната заедница за судбината на бегалците и да покажат дека тие се исти како луѓето кои имале среќа да се родат во безбедно место на светот.[17]

## Ден на солидарност со бегалците – Полска против расизмот и насилството

На 15 октомври се одбележува Националниот ден на солидарност со бегалците,[18] кој има за цел да ја подигне свеста за судбината на лицата кои, во потрага по подобар живот и често бегајќи од војна и сиромаштија, се одлучуваат да ја напуштат својата земја и да бараат засолниште во Европа. Темата е од голема важност и во последните години предизвикува многу емоции, но треба да се запамети дека одлуката за напуштање на домот никогаш не е лесна и често е поврзана со човечки драми на кои не треба да останеме рамнодушни.

Настаните поврзани со Националниот ден на солидарност со бегалците ги организира, меѓу другите, и Музејот за историја на полските Евреи „Полин“. За време на работилници, дебати и предавања, се презентираат приказни за бегалците и предизвиците со кои тие се соочуваат. Организаторите исто така ги претставуваат причините за алармантните појави како што се омразата, расизмот и ксенофобијата.

# Младите во акција: како да се развие општествената солидарност кај младите луѓе

## Светски ден на Брајовото писмо

Обединетите нации го прогласија 4 јануари за Светски ден на Брајовото писмо, во чест на Луи Брај – творецот на писмото кое го користат лицата со оштетен вид. Оваа азбука им помага на лицата со оштетување на видот да читаат, учат и се снаоѓаат во современиот свет. За да се спречи општествената исклученост на овие лица, Сојузот на слепите на Полска организира едукативни програми, каде слепите лица можат да научат да го користат Брајовото писмо.[19]

# Заклучок

Општествената солидарност дефинирана како дејствија што произлегуваат од заеднички интереси, е клучна за градење хармонични односи во општеството. Таа се заснова на соработка, одговорност за другите и етички вредности, како што е поддршката за ранливите категории на луѓе. Иако денес општествената солидарност се соочува со предизвици како што се автоматизација, глобализацијата или тензиите меѓу различни групи, нејзиниот развој е можен преку инклузивни механизми, како што се организирање настани што ги вклучуваат маргинизираните лица и зголемување на општествената свест. Вклучувањето во општествени активности придонесува за развој на вештини и учи на соработка, почит кон различностите и развива свесност за влијание во аедницата и општеството, што е од особено значење за младите.

Практичните примери, како иницијативите „Златна треска" или „Сиви ѕидови", покажуваат како младите можат реално да влијаат на својата околина, истовремено развивајќи емпатија и организациски способности. Меѓугенерациските проекти и активностите за поддршка на маргинизираните лица ги зајакнуваат општествените врски, учејќи ги младите на одговорност и соработка. Благодарение на солидарноста, младите можат да станат идни лидери, подготвени за делување во разновиден и динамичен свет, што ја прави оваа вредност темел за градење одржливо граѓанско општество.

# Библиографија


[1] https://pl.wikipedia.org/wiki/Solidarno%C5%9B%C4%87_(socjologia)

[2] R. Medrzycki, Zasada solidarności społecznej w prawie samorządu terytorialnego, https://static.profinfo.pl/file/core_products/2021/10/22/334e26ed15c610eff4a408e6d516a4a2/Zasada%20solidarnosci%20spolecznej%20-%20profinfo.pdf

[3] https://pl.wikipedia.org/wiki/Solidarno%C5%9B%C4%87_(socjologia)

[4] Myszka-Strychalska, L. (2021). Znaczenie poczucia sprawstwa w procesie aktywności i partycypacji społecznej młodzieży. Rocznik Pedagogiczny, 43, 37–61. https://doi.org/10.2478/rp-2020-0003

[5] A. Święcicka, Solidarność międzypokoleniowa: anachronizm czy szansa, https://repozytorium.ukw.edu.pl/bitstream/handle/item/4189/Solidarnosc%20miedzypokoleniowa%20anachronizm%20czy%20szansa%20na%20nowoczesny%20wymiar%20zrownowazonej%20wspolodpowiedzialnosci%20spolecznej.pdf

## Библиографија


[6] https://publicystyka.ngo.pl/mlodziez-na-rzecz-spolecznosci-jak-skutecznie-angazowac-mlodych-ludzi-w-dzialania-obywatelskie

[7] https://soclab.org.pl/blog/5-sposobow-na-wsparcie-mlodych-changemakerow-przyszlosci/

[8] https://pck.lublin.pl/aktywnosc/akcje-i-kampanie/#tab-id-1

[9] https://www.focus.pl/artykul/7-projektow-spolecznych-stworzonych-przez-dzieci-i-mlodziez-ktore-maja-szanse-uczynic-swiat-lepszym-220221121452

[10] https://seniorzywakcji.pl/projekty/tworzenie-grafik-komputerowych-i-animacji-w-duetach-miedzypokoleniowych/

[11] http://zsps.krakow.pl/index.php/2017/12/21/podsumowanie-projektu-apetyt-na-dzialanie/

[12] https://fundacjafcis.pl/seniorzy-wsrod-mlodziezy-pozytywne-aspekty-miedzypokoleniowosci/

[13] https://seniorzywakcji.pl/projekty/zatrzas-lodzia-w-rytmie-hip-hop/

[14] https://odmienswojaglowe.org/

[15] https://brivbode.lv/

[16] https://youth.europa.eu/solidarity/young-people/community_pl

[17] https://blog.leargas.ie/blog/room-community-drama

[18] https://polin.pl/pl/aktualnosci/2016/09/21/dzien-solidarnosci-z-uchodzcami-polska-przeciwko-rasizmowi-i

[19] https://pzn.org.pl/4-stycznia-%E2%88%92-swiatowy-dzien-braillea/


*Проектот е кофинансиран од Европската Унија. Искажаните ставови и мислења се само на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Европската Унија, и EACEA не се одговорни за нив.*

*Сите резултати развиени во рамките на проектот „Градење на социјални врски“ се достапни под отворени лиценци (CC BY-SA 4.0 DEED). Истите можат да се користат бесплатно и без ограничувања. Забрането е копирање или обработка на овие материјали во целост или делумно без дозвола на авторот. Доколку се користат резултатите, неопходно е да се признае изворот на финансирањето и неговите автори.*